# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

## Визија и приоритети за развој

## на ООУ „Аврам Писевски„ с. Бардовци – Скопје

## за период од 2019 до 2023 година



**2019 година**

## Вовед

Развојната програма на училиштето, кој всушност претставува долгорочен развоен документ, со кој се определуваат целите на училиштето, развојот и приоритетите во наредниот период од 2019 година до 2023 година.

Развојната програма ги опфаќа планирањата на сите активности во текот на наредните четири години, кои се многу важни за понатамошниот развој на воспитно-образовната и напредок на севкупната работа во училиштето.

Развојната програма се заснова врз следните документи:

- Законот за основно образование;
- Законот за работни односи;
- Законот за јавни набавки;
- Национална програма за развој на образованието 2005-2015;
- Концепција за деветгодишно основно образование;
- Стратегија за развој на образованието на Општина Карпош;
- Измени во законската регулатива во системот за заштита на децата
- Подзаконски и интерни акти и правилници;
- Законот за наставници и стручни соработници;
- Законот за организација и работа на органите на државната управа;
- Статут на училиштето;
- Наставни планови и програми;
- Адаптирани наставни програми по Cambrige International Examination Center;
- Програма за развој на училиштето;
- Стратегијата за образованието 2018-2025 година
- Извештајод извршената интегрална евалуација
- Извештај од извршената самоевалуација на училиштето
- Приоритетни подрачја во работата на училиштето
- Програми за работа на училиштето од претходните години;
- Годишни извештаи на училиштето од претходните години

# Презентација на училиштето

## Лична карта на училиштето

Основното училиште **„**Аврам Писевски**“** е централно самостојно основно училиште, лоцирано во село Бардовци, општина Карпош, Скопје.

Училишниот објект е изграден со средствата од самопридонесот на граѓаните на Република Македонија во 1979 година, а верифицирано е од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура со решение број 11-587/1986 година.

Називот на училиштето е променет во Општинско основно училиште со решение од Централен регистар на РМ од 06.11.2012 година со деловоден број 30120120032449.

Развојниот пат на ООУ **„**Аврам Писевски**“** с. Бардовци, Скопје се одвива во две етапи, првата етапа е периодот од основањето и почетокот со воспитно-образовна работа од 1980 година во состав на ОУ „Димо Хаџи Димов„, а вториот период почнува од 1985 година кога училиштето се регистрира како самостојно училиште.

## Основното училиште „Аврам Писевски“ денес

Општинското Основно училиште „Аврам Писевски“ е со статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на ученици од I – IX одделение, со опфат на ученици од реонот на населбата Злокуќани, село Бардовци и населбата Момин Поток.

Училишната зграда (од цврста градба) има покриена површина од 2250 м$^2$, каде што се сместени 14 училници, 1 библиотека, фискултурна сала (500м$^2$) и друг помошен простор за нормално одвивање на наставата. Училишниот двор има површина од 7250 м$^2$, со надворешни спортски терени (500м$^2$) и 5000m$^2$ дворна површина, од која 1700m$^2$ се уредени со зеленило и пристапна патека. Вкупната површина на училиштето (зградата и дворот) е 10 000 м$^2$. Еден дел од училишниот двор (на јужната страна) не е уреден, но за да се уреди потребна ни е поширока поддршка (техничка и финансиска) од локалната средина.

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | ООУ„ Аврам Писевски“ |
| адреса,општина ,место | ул.2 бр.10, Општина Карпош, Скопје |
| телефон | 02/3095949 |
| Факс | 02/3095949 |
| Е-маил | direktor@oouavrampisevski.edu.mk |
| Веб страница на училиштето | Info@oouavrampisevski.edu.mk |
| Директор на училиштето | м-р Матилда Бајкова |
| основано од | Општински комитет за образование,култура и физичка култура |
| Верифицикација – број на актот | Со решение бр.11-587/1986 година |
| Година на верификација | 1986 година |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски јазик |
| Година на изградба | 1979 година |
| Тип на градба | цврста градба |
| Површина на објектот | 2250 м$^2$ |
| Површина на училишниот двор | 7250 м$^2$ |
| Површина на спортските терени и игралишта | 500 м$^2$ |
| Училиштето работи во смена | една смена |
| Начин на загревање на училиштето | сопствено греење на нафта |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 15 |
| Вкупен број на ученици | 236 |

- ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | една |
| Број на подрачни училишта | нема |
| Бруто површина | 10 000 м$^2$ |
| Нето површина | 2250 м$^2$ |
| Број на спортски терени | 2 |
| Број на катови | 2 ( приземје и кат) |
| Број на училници | 14 |
| Број на помошни простории | 8 |
| Училишна библиотека | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено греење на нафта |

## - *Материјално-технички услови*

| Материјално – технички услови | |
|---|---|
| Компјутери | 6 (70 монитори) |
| мали компјутери за наставнициодд.настава | 18 |
| Лап топ за наставници | 9 |
| Лап топи за администрација | 4 (1 оштетен) |
| ЛЦД | 2 |
| ДВД | 1 |
| ДВД/ЦД/МП3 Комбо | 1 |
| Телевизори | 2 |
| ЦД – плеери | 9 ( 3 оштетени) |
| Музички систем | 1 |
| Пијано | 1 |
| Принтери | 7 ( 2 оштетени) |
| фотокопири | 3 |
| Дигитален фотоапарат | 2 |
| Кабинет по информатика | 12 |
| Микроскоп | 1 |

- ***Структура на училиштето -*** (училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, ученичка заедница)

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | 1.Зорица Бебекоска-Спиридонов - Претседател на УО<br>2. Елена Мазни - претставник од редот на наставниот кадар<br>3. Кристина Андриќ Стојановска - претставник од редот на наставниот кадар<br>4. Јасмина Димчевска - претставник од Совет на родители<br>5. Александар Пешевски - претсавник од Совет на родители<br>6. Ердоган Кадриевски - претставник од Совет на родители<br>7.Фросина Мицевска - претставник од општина<br>8. Наталија Спирковска -претставник од општина<br>9. Сања Витанова Пецанова -претставник од МОН |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | 1. Ирена Златановска<br>2. Шенѓун Кадриевски<br>3. Јасмина Димчевска<br>4. Александар Пешевски<br>5. Софија Стојановска |
| **Стручни активи (видови)** | 1. Александра Гавриловска- стручен актив на наставниците од одделенска настава<br>2. Зорица Бебекоска – Спиридонов - стручен актив на наставниците од природно-математичката група на предмети<br>3. Наташа Томшиќ- стручен актив од јазично-општествената група на предмети |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | 1. Одделенски совет на наставници од одделенска настава – |

| | |
|---|---|
| | 9 наставници<br>2. Одделенски совет на наставници од предметна настава – 14 наставници |
| **Членови на Ученичка заедница (број на ученици)** | 28 ученици (претседатели и заменици на паралелки) |

### *- Наставен кадар и ненаставен кадар*

| Наставен и ненаставен кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 31 | 4 | 26 | | | | | 1 | | | |
| **Број на наставен кадар** | 23 | 3 | 20 | | | | | 1 | | | |
| **Број на стручни соработници** | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 3 | 1 | 2 | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | | 1 | | | | | | | | |

### - Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Магистри** | 5 |
| **Високо образование** | 20 |
| **Виша стручна спрема** | 3 |
| **Средно образование** | 2 |
| **Основно образование** | 1 |
| **КВ** | 1 |

### -Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 4 |
| **31-40** | 9 |
| **41-50** | 6 |
| **51- 62 - пензија** | 12 |

Според стручната подготовка на наставниците станува збор за високо едуциран наставен кадар кој перманентно професионално се усовршува. На почеток на учебната 2019/2020 година состојбата со ученици е следна:

***-Ученици –***

| **Одд.** | **Бр. на паралелки** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 1 | 20 | 4 | 6 | / | / | / | / | 5 | 5 | / | / |
| **II** | 2 | 36 | 4 | 8 | / | / | / | / | 10 | 14 | / | / |
| **III** | 2 | 33 | 9 | 8 | / | / | / | / | 10 | 6 | / | / |
| **IV** | 1 | 22 | 7 | 5 | / | / | / | / | 6 | 4 | / | / |
| **V** | 2 | 34 | 4 | 9 | / | / | / | / | 16 | 5 | / | / |
| **I - V** | **8** | **145** | **28** | **36** | **/** | **/** | **/** | **/** | **47** | **34** | **/** | **/** |
| **VI** | 1 | 20 | 6 | 9 | / | 2 | / | / | 3 | / | / | / |
| **VII** | 2 | 25 | 6 | 6 | / | / | / | / | 8 | 5 | / | / |
| **VIII** | 1 | 22 | 8 | 4 | 1 | / | / | / | 6 | 3 | / | / |
| **IX** | 2 | 24 | 6 | 8 | / | / | / | / | 4 | 6 | / | / |
| **VI - IX** | **6** | **91** | **26** | **27** | **1** | **2** | **/** | **/** | **21** | **14** | **/** | **/** |
| **I - IX** | **14** | **236** | **54** | **63** | **1** | **2** | **/** | **/** | **68** | **48** | **/** | **/** |

- ***Број на ученици во последните четири години***

| Учебна година | Одделенска настава | | | Предметна настава | | | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мак. | роми | Алб. | Мак. | роми | Алб. | |
| 2018/2019 | 71 | 74 | 2 | 55 | 35 | 2 | 238 |
| 2017/2018 | 72 | 66 | 2 | 63 | 34 | 1 | 239 |
| 2016/2017 | 64 | 74 | 4 | 64 | 42 | 2 | 250 |
| 2015/2016 | 64 | 73 | 2 | 61 | 42 | 2 | 244 |

Социо-економската и образовната структура ја сочинува население од рурална средина со мешан етнички состав, претежно од македонска и ромска етничка припадност. Училиштето опфаќа и ученици кои потекнуваат од нестабилна или нецелосна семејна средина со лоши социо-економски услови за живеење и номадски начин на живеење со чести преселби и заминување во странство.

Бројот на запишани ученици во последните 4 години варира бидејќи родителите од Злокуќани од ромската националност не ги запишуваат во законскиот рок децата поради повеќе причини: несредена документација (здравствена заштита, немање на изводи од родените) на децата, незаинтересираност, низок степен на образование, преселување во др. населби или во странство. Во училиштето се дава големо значење на запишување и задржувањето на учениците, но мал број деца се запишуваат во училиштето поради различни причини. Родителите од с. Бардовци и Злокуќани од

македонска националност не ги запишуваат своите деца поради тоа што нивните деца посетуваат предучилишни установи во др. населби од општината, поради потребата од целодневна настава, предрасуди поради мешаниот етнички состав на учениците или други навики (случаи кога првото дете е запишано и се школува во др. училиште во друг реон од општината).

Како последица од наведените причини, секоја година околу **50%** од децата за прво одделение од добиениот список од МВР, не се запишуваат во нашето училиште.

- ***Наставен јазик***

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 15 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 236 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 24 | / | / | / |

Во периодот од 2015 до 2019 година во училиштето се извршени позитивни промени и тоа:

- со преградување на еден дел од ходникот се адаптира канцеларија за психологот со што се подобрија условите за работа на стручниот соработник,
- расчистен е простор за медијатека во училиштето
- се прилагоди поранешниот простор (кујна) во просторија „сензорна соба„ за ученици со посебни потреби како и тоалет за ученици со телесна попреченост
- извршена е реконструкција на котларата и се поставија нови парни котли
- училишна градина и хортикултурно уредување на училишниот двор на источниот дел

Материјално-техничките услови на училиштето во основа ги задоволуваат основните потребите за нормално одвивање на наставно-воспитниот процес во училиштето, со 34 вработени и 236 ученици запишани на почетокот на учебната 2019/2020 година, распоредени во 15 паралелки и една група продолжен (дневен престој). Обезбедени се потребните хигиено-технички услови за реализација на воспитно-образовната дејност, како и кадровскиот потенцијал за нормално функционирање на наставниот процес.

Од опрема училиштето поседува: апарат за копирање (3), телевизори (2), видеорекордер (1), ЦД плеери (5), дигитален фотоапарат (2), 13 компјутери и 70 монитори, 13 мали лаптопи за учениците, 8 лаптопи за наставниците, 4 лаптопа за администрација, 2 ЛЦД проектори, музички системи (1), ДВД Комбо (1), бела табла (1),

велосипед (1). Училиштето располага со кабинет по информатика кој е опремен со 12 компјутери.

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства |
|---|---|
| Математика | Дрвен линијар, шестар, агломер, триаголник – 6/3/1/2<br>Пластичен шестар, триаголник -1/1<br>Нумерички стапчиња -1, -<br>Абакус – 2,<br>Математичка картичка со стрелки – 2,<br>Пластични геом. тела – 1,<br>Геометриски тела -1,<br>Агломер со табла -1 |
| Музичко образование | Клавир Петров -1,<br>Хармониум електричен -1,<br>Хармоника -1,<br>Кастањети -1,<br>Триангал -1,<br>Касетофон -1 |
| Англиски јазик | ЦД плеер -1 |
| Физичко и здравствено образование | Јаже за прескок – 30,<br>Шах табла -1,<br>Маса за пинг-понг -1,<br>Топки:<br>- за кошарка -4,<br>- ракомет -4,<br>- фудбал -6,<br>- кожен фудбал -1<br>Ракометни голови -2,<br>Отскочна даска -2,<br>Шведски сандак -1,<br>Олимписка греда -1,<br>Шведска клупа -1,<br>Помошни столбови за одбојка -2 и конструкција за одбојка -2,<br>Конструкција за вратило -1,<br>Конструкција за камп -24,<br>Олимписки лак со рачка -1, лизгач голем (1) и мал (1),<br>Гимнастичка полица -2 |
| Физика | Електроскоп -1,<br>Рамно огледало -1,<br>Променлив кондензатор -1,<br>Магнетна потковица -1,<br>Динамометар -2,<br>АВО Ампер-волтметар -1<br>Сферно огледало -1,<br>Збир на леќи огледала -2,<br>Компас –бусола -1, |

| | |
|---|---|
| | Галванометар -1 |
| Хемија | Вага за течност и маса -1,<br>Периодичен систем -1,<br>Епрувети -31,<br>Шпиртна ламба -2,<br>Ерленмаер со различна мл – 7,<br>Мензура -2,<br>Колба со округло дно -3,<br>Пипета – 3,<br>Одделителна инка -3,<br>Инка -3,<br>Порцеланско лонче -1,<br>Примероци на колекции:<br>- Каучук -,<br>- Стакло -3,<br>- Метали -2,<br>- Руди и минерали -2.<br>- Нафта -3,<br>- шеќерна репа -2, |
| Природни науки/Биологија | Вага со тасови -1,<br>Микроскоп -1,<br>Микроскоп сет -1,<br>Рбетници -3<br>Труп на човек со внатрешни органи -3,<br>Дел од коски на скелет -1,<br>Модели на срце (1), уво (1), мозок (1), глава (1), кожа (1)<br>Колекција школки -2 |
| Географија/историја | Глобус -1,<br>географско –историски карти -20,<br>историски атлас -1 |

Наставните средства се користат според потребите во одделенска и предметна настава. На почетокот на 2014/2015 година, во училиштето се набавени повеќе наставни средства за потребите на наставата од прво до трето одделение според Кембриџ програмата. Училишната библиотека се надополни со нови изданија на светски класици – донација од МОН. Континуирано се набавуваат лектирни изданија но нивниот број не ги задоволува потребите на учениците.

На почетокот на 2018/2019 година, училишната библиотека се надополни со белетристика, но се уште потреба од поголем број на енциклопедиски и лексикографски изданија и белетристика за учениците и набавка на истите.

Училиштето се финансира од буџетот на општината (државата). Дел од средствата за материјал и опрема ги добива од издавање на простории под закуп на фискултурната сала но тие средства не се доволни за тековно одржување на училиштето.

Работењето на училиштето според Извештајот на инспекцискиот тим од интегралната евалуација, спроведена од 11 до 13 април 2018 година, е оценето со оценката **добар.** Извршениот интегрален увид во работењето се однесува на сите подрачја од работењето училиштето.

# МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште е здрава и пријатна средина која им овозможува на учениците, како главни субјекти на сите активности, да се здобијат со основните знаења, умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирање, а наставниците реализираат современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники и континуирано професионално усовршување.

Изјава за мисија

-да создаваме здрава и пријатна средина на учениците за учење
-да им овозможиме на учениците да се здобијат со потребните знаења за продолжување на образованието и секојдневното функционирање
-да се реализира современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники и континуирано професионално усовршување

# ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашата визија е обезбедување на еднакви можности на учениците од сите етнички групи да ги искористат своите капацитети за да стекнат знаења, способности и вештини преку модернизација на наставата, осовременување на наставните средства и усовршување на наставниот кадар.

## МОТО НА УЧИЛИШТЕТО

**Училиште кое на учениците им обезбедува еднакви можности за напредување**

## ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО

- Подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес со имплементација на нови програмски содржини, развој на креативно и критичко мислење;
- Промовирање на индивидуалниот развој и личноста на ученикот;
- Градење на взаемна почит и доверба;
- Развивање и издигнување на еколошката свест и култура кај учениците преку едукација низ проекти и активности;
- Перманентна грижа за здравјето на учениците;
- Оспособување и развивање творечки однос кон работата, да се создаваат поголеми услови за забрзан развој на талентираните ученици и за поддршка и развој на учениците со посебни образовни потреби;
- Градење на позитивна клима и средина за учење во која ќе дојдат до израз различните способности и афинитети на учениците;
- Унапредување на формите на соработка со родителите и локалната средина.

Наведените цели ќе се реализираат со создавање на средина во која ќе се овозможат еднакви можности за сите ученици, следење на потребите и интересите на учениците, континуирано стручно усовршување на наставниот кадар, доопремување на училиштето со дидактички средства и информатичка технологија, почитување на традицијата и создавање и одржување здрава училишна клима.

Карактеристика на нашето училиште е почитувањето на традицијата, уважување на културолошките разлики и одржување на здрава и безбедна училишна средина.

## Процес на напредување

| |
|---|
| ***Извештај за напредување во последните четири години*** |
| **Области во кои училиштето постигнало напредок во последните четири години** |
| Подрачје 1. Организација и реализација на наставата и учењето<br>Подрачје 2. Постигнувања на учениците<br>Подрачје 3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководен кадар<br>Подрачје 4. Управување и раководење<br>Подрачје 5. Комуникациски односи со јавноста<br>Подрачје 6. Училишна клима и култура<br>Подрачје 7. Соработка со родителите и локалната средина |
| **Објективни показатели за напредокот** |
| Заклучоците за напредување во горенаведените области се донесени врз основа на: извршената самоевалуација, увид и анализа на документацијата со која располага училиштето (законска регулатива, нормативни акти, прописи, записници, извештаи, годишни програми за работа на училиштето, годишни извештаи за работа на училиштето, анкети со наставниците, родителите и учениците, записници од претходни инспекциски надзори, педагошка документација, извештаи од извршени интегрални евалуации) |
| **Подрачја во кои училиштето делумно задоволува** |
| Заклучок е дека училиштето во сите подрачја внесува новини и напредува. Во следните подрачја **делумно** задоволува:<br>**Подрачје 1. Организација и реализација на наставата и учењето –**<br>3.1. Планирања на наставниците,<br>3.2 Наставен процес,<br>3.4 Задоволување на потребите на учениците<br>6.2 Наставни средства и материјали<br>**Подрачје 2. Постигнувања на учениците –**<br>2.1.2. Подобрување на постигнувањата на учениците<br>2.1.4. Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>2.1.6. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците<br>**2.2. Задржување/осипување на учениците**<br>2.2.2. Редовност во наставата<br>2.2.3.Осипување на учениците<br>**Подрачје 6. Училишна клима и култура**<br>6.4.4. Поведение и дисциплина во училиштето |

| |
|---|
| 6.4.5. Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки<br>6.8.3. Материјално-технички средства<br><br>**Нема подрачје во кое училиштето покажува стагнација.** |
| **Врз основа на добиените објективни показатели (извршената самоевалуација, анкетите со наставници, родители и ученици, увидите во документацијата, годишните програми и извештаи), тимот за квалитет ја оценува работата на училиштето во последните четири години со многу добар (4) – задоволни.** |

| **SWOT анализа** | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | **МОЖНОСТИ** |
| -Се овозможува наставникот да биде креатор при изборот на наставните методи, техники и форми на работа при реализација на наставните содржини во рамките на наставната програма.<br>-Примена на тематско интегрирано и тематско процесно планирање на наставата.<br>-Подготвеност за осовременување на наставата.<br>-Редовно и успешно планирање на годишните, тематските и дневните планирања.<br>-Голема вклученост на учениците во воннаставните активности.<br>-Поттикнува ученици на голем број вонучилишни активности;<br>-Училиште што негува хуманост и толеранција кај најмладите;<br>-Отворено е за прифаќање на деца со психички, физички и здравствени проблеми;<br>-Постојат повеќе постапки за идентификување на деца со физички, здравствени и емоционални проблеми и ученици со посебни образовни потреби;<br>-Децата и родителите имаат право да искажат мислење на посреден начин;<br>-Секоја година учениците се информираат за условите и видот на средните училишта и им се дава помош во правилниот избор на идното училиште и занимање;<br>-Се води редовна евиденција за напредокот на учениците | - Опремување на училиштето со современи наставни средства;<br>- Мотивирање на учениците за поголеми постигања посебно на учениците од ромската етничка припадност;<br>-Поуспешно вклучување на родителите од ромската етничка припадност во воннаставните активности за промоција на мултикултурниот амбиент на училиштето;<br>-Вклучување во проекти за подобрување на квалитетот на наставата;<br>-Изградена предучилишна установа во училишниот двор;<br>-Зголемување на бројот на ученици<br>-Прифаќање на ученици со потешкотии во развојот<br>-Подобрување на соработката |

| | |
|---|---|
| и навремено информирање на родителите за напредокот на нивните деца;<br>-Се овозможува на сите наставници присуство на семинари, обуки како и други форми на усовршување.<br>-Училишниот двор е естетски уреден и тоа придонесува за целокупниот изглед на училиштето<br>-Активности за развивање на еколошката свест кај учениците, наставниците, сите вработени во училиштето и родителите<br>-Училиштето континуирано ги следи постигањата на сите ученици и промовира уверување дека истите можат да се подобрат.<br>-Во училиштето се преземаат активности за подобрување на постигањата на учениците.<br>-Училиштето ги препознава надарените ученици, учениците што имаат тешкотии во учењето, како и учениците со пречки во развојот и редовно го следи нивниот напредок.<br>-Училиштето има изградена политика за опфат на сите ученици и се преземаат различни активности како посети на семејства, соработка со локалната заедница и НВО.<br>-Во училиштето се дава големо значење на запишување и задржувањето на учениците.<br>-Во училиштето е воспоставена практика за редовно водење евиденција за изостаноците.<br>-Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците и навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето.<br>-Училиштето се обидува да најде најразлични модуси за да се справи со задржувањето на учениците во училиштето.<br>-Учениците може слободно да си ги покажат своите способности и интереси и надвор од часовите со помош на наставниците.<br>-Редовно одржување на дополнителна и додатна настава по сите наставни предмети како и продолжителна настава.<br>-Бројот на вработените е според потребите на училиштето<br>-Наставниот кадар соодветствува со законската регулатива, а училиштето редовно ги идентификува потребите од нивно професионално усовршување<br>-Наставниците посетуваат различни надворешни и интерни обуки<br>-Секој наставник изготвува личен план за професионален развој<br>-Навремено се ажурира професионалното досие на наставниците | со НВО и деловната заедница<br>-Соработка со УСАИД, УНИЦЕФ<br>-Промовирање на постигањата на учениците, наставниците и училиштето во целина во пошироката заедница<br>-Зголемено учество во настани во локалната заедница и пошироко<br>-Меѓународна соработка со основни училишта од други држави и партнерство во заеднички проекти<br>-Вклучување во Еразмус +, ETwinning |

| | |
|---|---|
| -Навремено ажурирање на административна документација (годишни програми, извештаи)<br>-Работење согласно законските прописи<br>-Директорот има јасна визија за развој на училиштето во склад со потребите на сите кои се поврзани со работата на училиштето<br>-Директорот организира тимска работа во извршување на работните задачи (годишна програма, развојно планирање, годишен извештај,вонннаставни активности и др.)<br>-Добра соработка со стручни активи, наставници, ученици и родители<br>-Училиштето го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.<br>-Училиштето постојано ја подобрува имплеметацијата на МИМО, ЕКО и инклузивното образование во, намалување на насилството и сл.<br>-Училиштето спроведува инклузивни политики и практики и инклузивни тимови.<br>-Со поддршка од општината има обезбедено образовни асистенти за учениците со попреченост.<br>-Адаптирана просторија за „сензорна соба„ за учениците со потешкотии во развојот.<br>-За учениците роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства ангажиран е образовен медијатор.<br>-Во нашето училиште постои раководен тим (директор) кои во соработка со Училишниот одбор и Советот на родители успешно ја раководат целокупната работа во училиштето.<br>-Отвореноста во работата и комуникацијата, како и флексибилноста кон настанатите ситуации и проблеми, овозможува добро справување и решавање на сите проблеми.<br>-Хигиенско техничките услови во училиштето се битен фактор за успешно одвивање на воспитно – образовниот процес зашто во овој период се работи на подобрување на истите<br>-Постојаната грижа на раководниот тим за здравјето на учениците и вработените преку разни форми на информирање како и одржување на високо ниво на хигиенски услови придонесува за нормално одвивање на наставата.<br>-Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството и | |

| | |
|---|---|
| соживотот помеѓу учениците.<br>-Чувство на родителите дека децата им се задоволни и среќни во училиштето и дека се почитуваат правата на учениците;<br>-Одличен углед на училиштето во општеството;<br>-Добра комуникација помеѓу вработените;<br>-Наставниците подеднакво се однесуваат со сите ученици<br>-Се спроведуваат проекти во кои учествуваат ученици од различна етничка припадност.<br>-Во училиштето нема полова или етничка дискриминација во меѓусебните односи на учениците<br>-Добра комуникација помеѓу вработените и родителите;<br>-Постојана соработка на ниво на наставници, наставници–психолог, соработка со ученици и родители, Детската организација и Ученичкиот парламент<br>-Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на Советот на родители, родителски средби и Училишен одбор;<br>-Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор;<br>-Училиштето има Кодекс на однесување за ученици кој е истакнат на видно место и Кодекс за наставници кои во голема мера се почитуваат<br>-На одделенските часови редовно се обработуваат теми против насилство, конзумирање на алкохол, цигари, други видови на зависност;<br>-Во училиштето се поттикнува здрав животен стил; се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците, се води дебата и дискусија на таа тема;<br>-Училиштето води грижа за социјално загрозени семејства.<br>-Во однос на зравјето на учениците и заштита од заразни заболувања, училиштетето презема непосредни и посредни мерки на заштита.<br>-Училиште што негува хуманост и толеранција кај најмладите;<br>-Одличен углед на училиштето во општеството;<br>Наставниците подеднакво се однесуваат со сите ученици<br>-Во училиштето нема полова или етничка дискриминација во меѓусебните односи на учениците<br>-Сите постапки поврзани со финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи<br>-Раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства и го следи наменското трошење<br>-Буџетот се користи наменски, за цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и развојот на | |

| | |
|---|---|
| училиштето во целина<br>-Вклучување на родителите во училишниот живот на нивните деца во работата на органите на училиштето - Совет на ротители, Училишен одбор, програмски планирани посети, набљуденија, стручни предавања и други работилници кои ги организираат наставниците и психологот<br>-Континуирана добра соработка со локалната заедница, Градоначалникот на Општина Карпош, невладинот сектор –различни здруженија .<br>-Соработката со други институции и организации се базира на заеднички организирани посети по повод различни манифестации ,заеднички проекти<br>-Училиштето остварува меѓународна соработка (соработка со основни училишта од Република Србија) на заеднички проекти.<br>-Афирмација на угледот на училиштето во локалната самоуправа<br>-Информираност за реализирани активности, манифестации и успеси на учениците и училиштето преку медиуми, социјални мрежи и официјалната веб страна на училиштето | |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Отсуствува потребата и заинтересираноста за стручно пишување и објавување стручни трудови;<br>-Обучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици и работа со децата со посебни образовни потреби;<br>-Делумно задоволува обученоста на наставниците за користење на е-алатки;<br>-Наставниците се делумно мотивирани за учество во Еразмус +, ETwinning<br>-Недоволна вклученост на наставниците од страна на МОН во изготвување на наставните планови и програми;<br>-Недоволна опременост на училиштето со нагледни средства потребни за реализирање на наставата;<br>-Недоволна заинтересираност на родителите за вклучување во реализацијата на наставните планови и програми;<br>- Мал дел од родителите учествуваат во разни активности во училиштето;<br>-Недоволна заинтересираност на родителите за вклучување во решавањето на проблемите во воспитно-образовниот процес и вonнаставните активности во училиштето;<br>-Нема стручно лице – специјален едукатор и рехабилитатор за работа со деца со потешкотии; | -Намалување на бројот на ученици, што може да услови појава на технолошки вишок кај вработените;<br>-Семејства кои се наоѓаат на ниско социо-економско и ниво и нивно иселување;<br>-Осипување на ученици роми и напуштање на воспитно-образовниот процес;<br>-Недостиг од финансиски средства потребни за набавка на наставни средства и помагала. |

| | |
|---|---|
| -Библиотеката има потреба од набавка на лектирен фонд и стручна литература;<br>-Дотраеност на водоводната и канализациската мрежа во училиштето;<br>-Недостаток на компјутери;<br>-Помал број примери за остварена соработка со невладиниот сектор;<br>-Делумно остварена квалитетна соработка со деловната заедница преку заеднички проекти поттикнати од двете страни;<br>-Учениците се делумно заинтересирани за вклучување во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес.<br>- Отсуствува механизам за доделување признанија на наставници;<br>- Превземање на мерки за подобрување на дисциплината на учениците; | |

| **Попис на подрачјата на унапредување** | | **Приоритетно подрачје на унапредување** |
|---|---|---|
| 1 | **Организација и реализација на наставата и учењето** | -Обезбедување средства за потребните нагледни средства и помагала како и стручна литература за наставниците<br>- Потреба од дополнителна едукација на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби<br>-Потреба од доедукација на наставниците за настава во 21 век – микро бит<br>-Поголема вклученост на родителите при реализирање на наставните програми.<br>-Истражувачка активност при реализирање на наставната програма и опремување на училиштето со соодветни нагледни средства за реализација на истите. |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | **Постигања на учениците** | -Подобрување на мотивацијата на учениците за повисоки постигања и редовно посетување на наставата.<br>-Следење на постигањата на учениците при премин од еден циклус во друг (хоризонтална и вертикална проодност).<br>-Наоѓање на начини за намалување на изостаноците и осипување на учениците. |
| 3 | **Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и на раководниот кадар** | - Набавка на нови наставни средства.<br>-Училиштето да посвети внимание за обезбедување на средства за финансиска подршка на наставниот кадар за учества на конгреси, семинари и други професионални манифестации;<br>-Училишната библиотека да се збогатува континуирано со стручна литература; |
| 4 | **Управување и раководење** | -Отсуство на дел од стручната служба (педагог, социолог и специјален едукатор и рехабилитатор)<br>-Поголемо учество на родителите во разни активности во училиштето;<br>-Опременоста на библиотеката со стручна литература, дополнителна литература за учениците<br>-Поголема опременост на училиштето со ИТ технологија |
| 5 | **Комуникации и односи со јавноста** | -Подобрување на комуникацијата меѓу учениците од различна етничка припадност<br>-Подобрување на соработката со родителите |
| 6 | **Училишна клима и култура** | -Училиштето има потреба да се организира работилници со родителите за да се запознаат со правата на децата.<br>-Училиштето има потреба да организира работилници со учениците за да се запознаат со начините за поуспешно вклучување во животот на училиштето.<br>-Надминување на честите отсуства на одреден број ученици и непримерното однесување на одредени ученици во училиштето кои ја нарушуваат училишната клима. |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | **Соработка со родителите и со локалната средина** | - Поголемо вклучување на родителите при спроведување на проектни активности и воннаставни активности во училиштето |

## Во следниот период приоритети на училиштето се:

1. Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни во образованието од 21 век
2. Опремување на училиштето со наставни средства и помагала и асистивна технологија
3. Поголемо вклучување на родителите во активностите и работата на училиштето
4. Поголемо учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки

Во понатамошниот текст направена е елеборација на секоја од стратешките цели.

## Цели, задачи, активности

### Стратешка цел *: 1. Поддршка на наставата и учењето*

Развојна цел: ***1. 1. Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни во образованието од 21 век***
Развојна цел: ***1.2. Обука на наставниот кадар за работа со талентирани и надарени ученици и работа со ученици со потешкотии***
Развојна цел: ***1.3. Соработка на училиштето со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес***

| **Конкретни цели** | **Активности** | **Времен-ска рамка** | **Ресурси** | **Носители** | **Индикатори за успех** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1 Обука на наставни-ците за користење на е-латки, за Е – twinning и Erazmus + | -Утврдување на искуствата и потребите на наставниот кадар<br>-формирање на тимови за обуки според покажаните интереси и потреби | Од 2019-2023 година | МОН, БРО и др. обучувачи | директор, тим за професио-нален развој на наставни-ците, наставни-ци | -Подобрување на квалитетот на наставата<br>-Подобрување на компетенциите на наставниците<br>-Подобрување на успехот на учениците | Износ во завис-ност од потре-бите |
| 1.2. Обука на | -Утврдување на потребите и | од 2019 до 2023 | МОН, БРО, УСАИД и | директор, психолог, | -десиминација, | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| наставниот кадар за работа со ученици со потешкоти | искуствата на наставниците во работата со учениците со потешкотии<br>-формирање на тимови за обуки според потребите | година | др. провајде-ри<br>-интерни обуки | настави-ци | | |
| 1.3 Учество во заеднички проекти со меѓународ-ни институци и | -утврдување на искуствата и потребите на наставниот кадар<br>-формирање на тимови за учество во заеднички проекти<br>-комуникација со меѓународни институции и наоѓање на заеднички идеи<br>- изработка на проекти | од 2019 до 2023 година | Локална заедница, МОН,<br>Erazmus | Директор, Тим на на настав-ници, психолог и настав-ници, ученици, родители | -Десиминација,<br>-размена на искуства и практики, подобрување на ВОП | Во завис-ност од потре-бите |

**Стратешка цел** ***2. Подобрување на условите за работа и учење во училиштето***
Развојна цел 2.1. ***Опремување на училиштето со наставни средства и помагала***
Развојна цел 2.2. ***Опремување на училиштето со асистивна технологија***
Развојна цел 2.3. ***Опремување на училишната библиотека со лектирни изданија и стручна литература***

| **Конкретни цели** | **Активности** | **Времен-ска рамка** | **Ресурси** | **Носители** | **Индикатори за успех** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1 Набавка на наставни средства и помагала | -Формирање на комисија<br>-Утврдување на потребите со анкетирање на наставниот кадар<br>-Изготвување на листа на потреби и приоритети | Од 2019-2023 година | каталози, понуду-вачи | директор, комисија, психолог, наставни-ци | -утврдени потреби<br>-набавени наставни средства според потребите на наставата и учениците<br>- подобрување на условите за работа | Износ во завис-ност од финансиск ите можности, донации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -избор на понудувачи<br>-финансов план | | | | | |
| 2.2.1 Опремува-ње на училиштето со „сензорна соба„ | - Избор на просторија<br>-адаптација и уредување на просторијата<br>-листа на потребни едукативни средства и опрема<br>-финансов план | од 2019 до 2023 година | каталози, понуду-вачи | директор, психолог, наставни-ци, техничка служба | уредена просторија со потребни едукативни средства | во зависност од финансиските можности, донации |
| 2.2.2 Адаптација на тоалет за ученици со телесна попрече-ност | - Избор на просторија<br>-адаптација и уредување на просторијата<br>-листа на потребни санитарии и помагала<br>-финансов план | од 2019 до 2023 година | каталози, понуду-вачи | Директор, психолог настав-ници, техничка служба | Уреден тоалет за ученици со телесна попреченост | во зависност од финансиските можности, донации |
| 2.3.1. Набавка на детска литература, лектирни изданија и стручна литература | - формирање комисија за утврдување на фактичката состојба и утврдување на потребите<br>-анкетирање на наставници<br>- изготвување на листа на приоритети на потребна литература и лектирни изданија<br>-изготвување на листа на потребна стручна литература<br>-финансов план | од 2019 до 2023 година | каталози, понуду-вачи | Директор, психолог настав-ници, библио-текар | -утврдени потреби<br>-набавена литература<br>-лектирни изданија<br>-стручна литература според потребите на наставата и учениците<br>- подобрување на условите за работа | во зависност од финансиските можности, донации |

**Стратешка цел *: 3. Продлабочување на соработката со родителите***

Развојна цел: ***3.1. Вклучување на родителите во реализација на наставните планови и програми***

Развојна цел: ***3.2. Учество на родителите во проекти и активности на училиштето***

| **Конкретни цели** | **Активности** | Временска рамка | Ресурси | **Носители** | Индикатори за успех | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.1<br><br>Утврдување на потребите на училиштето за учество на родителите | -формирање на тим<br>- анализа на постоечките наставни планови и приграми<br>- детектирање на афинитетите и потенцијалите на родителите<br>-прибирање на мислења од родителите за наставните програми<br>-предлози за вклучување на особеностите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала | од 2019 до 2023 година | родители, наставни=ци | директор, психолог, наставни-ци,<br>Совет на родители, | -подобрена информираност на родителите<br>-зголемена соработка со родителите | според потреби-те |
| 3.2.1<br>Учество на родителите во проекти на училиштето | -анкетирање на родителите<br>-список на заинтересирани родители -организирање едукативни средби и /или работилници за нивно вклучување во проектите | од 2019 до 2023 година | родители, наставни-ци,<br>ученици | директор, психолог, наставни-ци,<br>Совет на родители,<br>родители,<br>ученици | -подобрена информираност на родителите<br>-задоволни родители и ученици,<br>задоволни наставници | според потребит е |

**Стратешка цел** ***: 4.Уучество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки***

Развојна цел : 4.1 Учество на учениците во проекти и активности на училиштето

| **Конкретни цели** | **Активности** | Времен-ска рамка | Ресурси | **Носители** | Индикатори за успех | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.1 Информирање на учениците за работата на училиштето, организацијата на настава и воннаставни активности | -информирање на учениците за правото за нивно организирање на ниво на паралелка и училиште<br>-прибирање на мислења од учениците за нивното вклучување во активностите на училиштето преку ученичкиот парламент | од 2019 до 2023 година | ученици, наставни-ци | директор, психолог, заедници на ниво на паралелка, ученички парламент, | информирани и мотивирани ученици за училиштето | / |
| 4.1.2 Промовирање на ученички активизам | -анкетирање на учениците<br>-листа на предлози за активности како резултат на нивните интереси<br>-организирање едукативни работилници за нивно вклучување во Работата на училиштето | од 2019 до 2023 година | ученици, наставни-ци, родители | директор, психолог, заедници на ниво на паралелка, ученички парламент, ученички правобра-нител | активно застапување на ученичките права, задоволство од вклучувањето во активностите, прифаќање на ученичките потреби и иницијативи задоволство од сопствениот придонес | |

## Евалуација на Развојната програма

### План за следење на имплементацијата на Развојната програма на училиштето

| Приоритетни области | Начин и време на следење | Одговорен за следење | Инструменти | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|
| ***Поддршка на наставата и учењето*** | од 2019 -2023 година | Директор, психолог Одговорен тим на наставници | интервју, прашалници, посети на часови, Извештаи од реализирани посети | усни и писмени информации од увидот во документацијата, записници од состаноци, извештај |
| ***Подобрување на условите за работа и учење во училиштето*** | од 2019 -2023 година | Директор, психолог Одговорен тим на наставници | интервју, прашалници, документација од извршени набавки, увиди, извештаи | усни и писмени информации од увидот во документацијата, записници од состаноци, извештаи |
| ***Продлабочување на соработката со родителите*** | од 2019 -2023 година | Директор, психолог Одговорен тим на наставници | интервју, прашалници, реализирани работилници, Извештаи од реализирани посети | усни и писмени информации од увидот во документацијата, записници од состаноци, извештаи |
| ***Уучество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки*** | од 2019 -2023 година | Директор, психолог Одговорен тим на наставници | интервју, прашалници, анкети, реализирани работилници, Извештаи од реализирани активности | усни и писмени информации од увидот во документацијата, записници од состаноци, извештаи |

Развојната програма на училиштето ја изработиле:

1. Директор м-р Матилда Бајкова
2. Психолог м-р Елизабет Солтирова